Финансирано од Европска Унија

Институт за човекови права

Здружение на граѓани
Институт за човекови права
Бр. 0506-29/2
9.5.2024, Скопје

За потребите на проектот „Младински активизам за инклузивно општество“ во рамките на проектот „Поддршка од ЕУ за градење доверба на Западен Балкан“, финансиран од Европската унија (ЕУ) и спроведуван од Програмата за развој на Обединетите нации (УНДП), врз основа на Договорот за грант меѓу УНДП и Институтот за човекови права бр. 0307-62/1 од 17.11.2023 година (во понатамошниот текст: Договор за грант), проектниот тим на Институтот за човекови права ја испраќа следната:

ПОКАНА ЗА ДОСТАВУВАЊЕ ПОНУДИ 4/2024
за набавка за изнајмување на простор за реализација на две работилници со средношколци во Скопје

1. Институтот за човекови права (ИЧП), за проектот „Младински активизам за инклузивно општество“ (во рамките на проектот „Поддршка од ЕУ за градење доверба на Западен Балкан“, финансиран од ЕУ и спроведуван од УНДП), има потреба од **набавка за изнајмување на простор за реализација на две работилници со средношколци во Скопје,** неопходни за успешно реализирање на проектните активности.

   Набавката е делива и проектот е ослободен од ДДВ.

2. Опис на услугата:
   - Изнајмување на простор за одржување на работилниците и
   - Изнајмување на техничка опрема.

   Подетален опис на услугите е даден во техничката спецификација 4/2024 која е дел од оваа покана.

3. Во рамките на проектот „Младински активизам за инклузивно општество“, ќе бидат организирани две работилници во Скопје за презентирање на културните и јазичните обележја на различните етнички заедници. Овие работилници се наменети за средношколци од две училиштата во Скопје и се организираат со цел да создадат шанса за неформална дискусија и дружење меѓу учениците. Работилниците ќе се состојат од проекција на игран филм и изложба на креациите на учениците. Настаните се предвидени да се организираат при крај на мај или почеток на јуни 2024 (пред крајот на учебната година).

   Предлог програма на работилниците:
   - 17:30 – 18:00 Пристигнување на учесници
   - 18:00 – 18:30 Воведни зборови
   - 18:30 – 19:00 Изложба (уметнички дела на учениците ќе бидат изложен во просторот)
   - 19:00 – 21:00 Проекција на филм
   - 21:00 – 22:30 Закуска и дискусија (закуската ќе биде обезбедена од ИЧП)

4. Прелиминарна временска рамка
   Услугата треба да се испорача во периодот **од мај до јуни 2024**.

5. ИЧП ќе склучи договори со избраните понудувачи за реализација на услугите наведени во оваа покана.

6. За таа цел, ве молиме да ни доставите Ваша понуда за горенаведената покана.

Понудата треба да биде во следниот формат:

Ве молам наведете ги датумите кога просторот е слободен/сте во можност да ја испорачате услугата. Точните датуми за реализација на двете работилници ќе бидат резервирани дополнително, во зависност од вашите датуми и во договор со средните училишта.

20 мај		21 мај		22 мај		3 јуни		4 јуни		5 јуни		6 јуни		7 јуни	
☐ да	☐ не	☐ да	☐ не	☐ да	☐ не	☐ да	☐ не	☐ да	☐ не	☐ да	☐ не	☐ да	☐ не	☐ да	☐ не

Финансиска понуда

Ставка	Опис на производ/услуга	Количина	Единечна цена (без ДДВ)	Вкупно цена (без ДДВ)
1.	Изнајмување на простор	2		
2.	Изнајмување на техничка опрема	2		
			ВКУПНО	

Ве молам наведете што е вклучено во цената на просторот (селектирајте ги сите опции кои соодветствуваат на вашата понуда):

☐ Сала за одржување на работилниците

☐ Надворешен простор за одржување на работилниците

☐ Столчиња/места за седење на учесниците додека го гледаат филмот

☐ Друго (Ве молам наведете што друго е вклучено во цената)

Ве молам наведете што е вклучено во цената на техничката опрема:

☐ Платно

☐ Проектор

☐ Озвучување

☐ Микрофони

☐ Лица за техничка поддршка

☐ Друго (Ве молам наведете што друго е вклучено во цената)

6. Изборот на добавувачот ќе се врши по пат на евалуација на финансиската понуда. Договор ќе се склучи со понудувачот чија понуда е:
   а) Соодветна и прифатлива и

б) Ги задоволува следниве критериуми:

- Финансиска понуда: 100%

За одредување на бодовите на финансиската понуда ќе се користи следнава формула:
број на бодови = (најниска понудена цена x максимален број на бодови) / цена на понудата

7. Услови и начин на плаќање

Плаќањето ќе биде извршено по доставување на фактура без ДДВ, во рок од 30 дена.

8. Начин на доставување на понудите.

Понудите се доставуваат по електронски пат, на следниов e-mail: marija.chekredji@ihr.org.mk.

Краен рок на доставување на понудите е до **16.5.2024 година.**

Понудите што ќе пристигнат по наведениот рок, како и оние кои не се изработени според пропозициите на поканата, нема да бидат земени предвид. Секој понудувач може да учествува само со една понуда.

За сите дополнителни појаснувања може да се обратите на е-маил адреса marija.chekredji@ihr.org.mk најдоцна до **14.5.2024 година**.

Здружение на граѓани Институт за човекови права Скопје

Марија Чекреџи
Институт за човекови права

Спецификација за набавка за изнајмување на простор за реализација на две работилници со средношколци

Изнајмување на простор за одржување на работилниците

- → Капацитет: максимум 50 лица
- → Треба да има место за изложување на уметнички дела подготвени од учениците (максимум 10 уметнички дела како на пример слики, скулптури, фотографии, итн.)
- → Треба да има кино сала или простор кој би можел да се адаптира за проекција на филм (внатре или надвор - кино на отворено)
- → Треба да има простор да се постават маси со закуска (finger food) и безалкохолни пијалаци за учесниците

Изнајмување на техничка опрема

- → За самиот настан имаме потреба од платно, проектор, озвучување, два микрофон и лице/лица за техничка поддршка.
- → Платното и проекторот се потребни за проекцијата на филмот, кој ќе биде обезбеден од ИЧП во соодветен формат.
- → Озвучувањето е потребно за воведното обраќање, за проекција на филмот, за дискусијата по филмот и за периодот наменет за дружење помеѓу учениците со музика во позадина.
- → Три микрофони се потребни за воведното обраќање и за дискусијата по филмот.
- → Потребни се едно до две лица за техничка поддршка кој ќе се грижат да функционира опрема и да се одвива непречено проекцијата на филмот.